Здружение Совет за етика во медиумите на Македонија
ЕТИКА ПРЕС Скопје
Бр. 145/0306
04.09 20 24 год.
Скопје

Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), на седницата одржана на 30.08.2024 година, врз основа на примена жалба од **Катерина Станишлевиќ** ја донесе следнава:

**ОДЛУКА**

**ЖАЛБАТА Е РЕШЕНА СО МЕДИЈАЦИЈА**

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595

## ЖАЛБА

До Канцеларијата на СЕММ за Комисијата за жалби на 21.08.2024 од жалителката Катерина Станишлевиќ е доставена жалба за видео прилог на ТВ 21 пренесен на сметката на Фејсбук на споменатата телевизија на 20.08.2024 со наслов **„Убиство кај трговскиот центар Мавровка, членовите на семејството стигнуваат до местото на настанот“, (Vasja ne afersi te Q.T. "Mavrovasja", familjaret arrijne ne vendin e Ngjarjes)**.

Жалителката се повика на нарушување на приватноста и незаштитено прикажување на малолетно лице, т.е. нејзиниот син на местото на убиството.

Дополнително, жалителката истакнува дека во видеото е прикажана нејзината ожалостена фамилија, (вклучувајќи и малолетно лице), непосредно по убиството на нивниот член на семејството од местото на настанот. Воедно, жалителката директно посочува дека во вакви случаеви мора да се почитува нивната приватност.

## ОДГОВОР НА МЕДИУМОТ

Извршната канцеларија на СЕММ, во согласност со членот 14 од Правилникот за работа на Комисијата за жалби, по приемот и разгледување на жалбата, стапи во контакт со медиумот и побара од таму да се изјаснат по однос на наводите на жалбата, нудејќи ја можноста и за решавање на случајот по пат на медијација.

До крајниот рок до кога пропишува Правилникот за работа на Комисијата за жалби на СЕММ, одговорно лице во медиумот се согласи со отстранување на спорното видео од сметката на Фејсбук, откако и жалителката извести дека, цитираме, „Важно ни е само тоа да се тргне и ништо друго“.

## ОДЛУКА НА КОМИСИЈАТА ЗА ЖАЛБИ

Комисијата за жалби при СЕММ по разгледување на сите аспекти и комуникацијата со жалителката и со медиумот, оцени дека се исполнети условите за решение на случајот по пат на **медијација**.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА МИСЛЕЊЕТО

Комисијата го разгледа видео прилогот и оцени дека жалителката со право се повикува на неетичко известување кое содржи основи на нарушување на приватност и нарушување на правата на малолетните лица. Жалбата се однесува на прикажаното видео на социјалната

мрежа Фејсбук на сметката на телевизиската мрежа, за која медиумот е секако одговорен и треба да внимава на содржината, но и коментарите.

Комисијата за жалби изразува задоволство што медиумот и жалителката се согласија случајот да биде решен по пат на медијација.

Комисијата сака и во овој случај да го повтори апелот до медиумите што неодамна го упати и СЕММ во целина, да бидат особено внимателни кога во секојдневната работа известуваат за настани кои се сензитивни од аспект на почитување на приватноста, личната болка и малолетните лица. Комисијата притоа укажува дека овие прашања се регулирани и со Кодексот на новинарите и со Насоките за етичко известување на онлајн медиумите. Комисијата особено потсетува на членовите 7.1 и 8.2 од Насоките:

**7.1 „Темите што се однесуваат на лични трагедии секогаш ќе бидат внимателно обработувани, а на лицата погодени од трагедијата ќе им се приоѓа со сочувство и дискреција. При известувањето за несреќи, кривични дела, самоубиства или семејно насилство, нема да се објавуваат имиња и фотографии од жртвите. Нема да се објавуваат ниту податоци од кои индиректно би можел да се открие идентитетот на жртвата или сторителот, пред тоа официјално да го соопштат надлежните институции...**

**8.2.Онлајн медиумите ќе бидат особено внимателни при објавувањето снимки од насилство, бруталност или страдања, при што приоритет ќе им биде заштита на достоинството на жртвите и лицата кои се на кој било начин погодени од настаните.**

* * *

Во согласност со наведеното, Комисијата одлучи како што е погоре наведено. Во работата на Комисијата учествуваа членовите Мирче Адамчевски, Сефер Тахири, Зеријета Јајага, Снежана Трпевска, Жана Божиновска и Тамара Чаусидис.

Со почит,

Совет за етика во медиумите на Македонија

Претседател на Комисијата за жалби
Мирче Адамчевски

Бул. Митрополит Теодосиј Гологанов 54/2
1000 Скопје, Македонија

www.semm.mk info@semm.mk (02) 3222-595